СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 19 јануари 1991 година

Скопје, јануари 1991 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 19 јануари 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на СРМ, сала 1 со почеток во 10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитувани гости, дами и господа пратеници,

Ја отворам Третата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Нема пријава на пратеници кои отсуствуваа од денешната седница.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваа повеќе од две третини од сите пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да преминеме на работа, дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам: претседателот и членовите на Претседателството на СРМ, претседателот, потпретседателите на Извршниот совет на Собранието на СРМ, претседателот на Уставниот суд на Македонија, членовите на Сојузниот извршен совет од СРМ, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот "Кирил и Методиј" - Скопје и Универзитетот во Битола, командатите на Скопската армиска област и на ТО на Македонија, раководителите на политичките партии што учествуваа на првите повеќепартиски избори во Републиката, претседателот на Сојузот на самостојните синдикати на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија,

претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на здружението на борците од НОБ на Македонија, претседавачот на делегацијата на Собранието на СРМ во Соборот на републиките и покраините на СФРЈ, координаторот на делегатите од СРМ во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и поглаварите на верските заедници од СРМ.

Согласно Законот за избор и разрешување на претседател на СРМ и на потпретседател на претседателот на СРМ, изборот на претсе-дателот на Републиката и на потпретседателот на Претседателството на Републиката се врши во рок од 10 дена од денот на донесувањето на првата седница на новоизбраното Собрание. Заради запазување на овие законски рокови, ја свикав денешната седница.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија;

2. Избор на потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема).

Дали се усвојува предложениот дневен ред? (Се усвојува).

Констатирам дека дневниот ред за оваа седница е усвоен.

Минуваме на точка 1

- Избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија
Изборот на претседател на Социјалистичка Република Македонија се врши според постапка утврдена во Законот за избор и разрешување на претседател на СРМ и на потпретседател на претседателот на СРМ.

Група од 22 пратеници поднесе предлог на кандидат за претседател на Републиката.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата врз основа на предлогот изготви листа на кандидати.

Листата на кандидати и извештајот на Комисијата ви се поделени.

Молам еден од пратениците, подносители на предлогот да го образложи предлогот.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Чувствувам голема чест и висока патриотска должност денес во името на група пратеници да го предложам другарот Киро Глигоров за кандидат за функцијата претседател на Социјалистичка Република Македонија.

Чинот за избор на претседател на Републиката има исклучително историско и национално значење за Македонија. Со него не само што треба да ја покажеме нашата политичка зрелост и граѓанска и демократска свест, и одговорност како пратеници туку тој чин треба да покаже и пред македонската и пред пошироката јавност дека сме зрели и способни да бидеме сами господари на сопствената судбина.

Историската шанса што денес ја имаме не дозволува во името на било која партија, поединец или интерес да се поиграме со самостојноста на македонската држава, со надежите на македонските луѓе и нивната верба за подобра утрешнина. Затоа нашиот предлог, другарот Киро Глигоров да биде избран за претседател на Републиката тргнува од една единствена намера, успешно и врз демократски основи да се одвива воспоставувањето на новата власт во Македонија за да може да

започне неговата вистинска економска, политичка и културна предодба.

Другарот Киро Глигоров е човек што со сопствените потврдени политички, морални и човечки квалитети тоа го гарантира. Човек кој е длабоко вткаен во последниот полувековен непокор и слободарски дух на македонскиот народ. Човек кој уште од најраната младост застана на страна на македонското дело против поробувачите, против непризнавањето на македонската држава и нација, против фашизмот и внатрешното предавство на Македонија. Човек кој после Втората светска војна целиот свој труд, знаење и работна способност и пожртвуваност ги внесува на страната на македонската самостојност, на страната на прогресивната мисла и општествениот напредок. На таа негова доследност опстојуваше четири децении, прометејски, не ретко по цена на големи лични жртви, прогонуван, оспоруван и негиран. Неговите стручни квалитети го промовираа во еден од најпочитуваните и меѓународно признати економски експерти. Еден е од ретките во земјата како стручен и јавен работник кој скоро три децении ги застапува идеите на пазарната економија и целосната политичка демократија. Антидогмата по убедување, прогресивен мислител по политичкиот став, родољубец, слободар, македонец, широко отворен како човек кон човека, кон сите други што живеат во Македонија. Киро Глигоров е човек што навистина може со успех да ја остварува функцијата претседател на Републиката и да ги штити и претставува интересите на нашата Република во земјата и меѓународните односи.

Давајќи го предлогот, искрено сакам да ве уверам дека тој предлог не е израз ниту на нашите теснопартиски интереси, ниту на калкулациите во поделбата на колачот на власта. Напротив со овој предлог сметаме дека пошироко ги изразуваме интересите на граѓаните во Македонија независно од партиските и политичките определби. Затоа

да не дозволиме денес изборот на претседател на Републиката да стане тема на која ќе се пресметуваат токму теснопартиските интереси и уште повеќе да стане проблем што може да има погубни последици по демократскиот тек на конституирањето на парламентарниот живот во Републиката. Одговорноста за тоа ја носиме пред целата македонска јавност, ние пратениците.

На крајот ќе завршам со Гоцевото обраќање до Собранието на Славјанската беседа во 1902 година: "Ако Вам Ви е нужна светлина, господа не затворајте ги прозирките за неа и на другите дејци кои по ништо во својата дејност не стојат подолу од Вас".

(Бурен аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:

Му благодарам на пратеникот Тито Петковски.

Отворам претрес по предлогот на кандидат за претседател на СРМ.

Молам, кој бара збор?

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Барам да ми се даде толкување на одредбите на членовите 21, 28 и 29 од Привремениот деловник на Собранието на СРМ за тоа дали може изборот на претседател на Републиката да се изврши во време кога не е извршен избор на потпретседатели на Собранието на СРМ.

СТОЈАН АНДОВ:

Појаснување ќе даде секретарот на Собранието.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ:

Со Привремениот деловник утврдена е работата на Собранието со тоа што со Привремениот деловник исто така е дозволена примена на одредбите на постојниот Деловник, на оние одредби што не се во спротивност со Уставот и Законот и со Привремениот деловник, до донесувањето на новиот деловник на Собранието.
Со одредбите на Привремениот деловник уредена е и постапката за избор на сите функции односно функционери што ги избира и именува Собранието. Во конкретниот случај изборот на претседател на Републиката е уредено со посебен закон во кој се утврдени роковите од кои не може да се отстапува. Така да самиот факт што до сега не се избрани и потпретседателите на Собранието не е законска ниту деловничка пречка за да не може на денешната седница во законски определениот рок да се изврши избор на претседател на Републиката. Отстапувањето од овој законски рок би била повредна на роковите утврдени со закон.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Според став 4 од Амандманот 64 од Уставот на СРМ, претседателот на Собрапието со потпретседателите на Собранието ги толкуваат одредбите на Деловникот на Собранието. Според тоа, вие претседателе сами не сте надлежни да ги толкувате одредбите на Деловникот. Затоа, за да нормално работи Собранието на СРМ, потребно е најнапред да се изберат неговите потпретседатели, а потоа да се изврши избор, односно именување на носителите на другите функции.

Ова го велам затоа што на нас ќе ни се даде историска одговорност. Требаше ова нашето Собрание да го подготви најнапред, па потоа ние да дојдеме тука и да избираме претседател на Републиката.

Но сепак јас се надевам ние ќе поминеме преку ова, ќе избираме претседател на Република, но во иднина вакви работи да не се случуваат.

СТОЈАН АНДОВ:

Токму ова прашање го разјасни секретарот на Собранието кога објасни дека изборот на претседател не се заснива на толкувањето на Деловникот, туку на закон. Бидејќи и самиот пратеник така предложи, предлагам да одиме натаму.

Дали некој друг бара збор?

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници и гости,

Моето прашање е, дали господинот Киро Глигоров е жител на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Нашите служби кои ги проверуваа сите детали, ни тврдат дека господинот Киро Глигоров е жител на Македонија.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Ако е веќе жител на Македонија, дали може да ми се даде појаснувакње од кога е неговата лична карта како жител на Македонија

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор републичкиот секретар за внатрешни работи Јован Трпеновски.

ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Јас ги консултирав прописите по однос на стекнување право

на државјанство, а исто така и одредбите од Законот за личната карта.

Со самото раѓање во една република по сила на закон се стекнува државјанство на социјалистичката република, а со тоа и државјанство на Југославија.

Со промена на живеалиштето не се променува односно по сила на закон не се губи државјанство.

Државјанство на друга социјалистичка република, односно на република се стекнува само по барање на лице и во одредена процедура и откога ќе бидат исполнети условите, органот на управа издава уверение. Така да личната карта претставува само доказ за државјанство на СФРЈ, а со самото раѓање се стекнува државјанството во републиката каде што е роден.

КИРО ПОПОВСКИ:

Ми претставува посебно задоволство и обврска да ја пренесам обврската од името на Социјалистичката партија и од нашата мала пратеничка група во Собранието на СРМ и да дадам целосна поддршка на предлогот на СКМ, односно пратеничката група за иден претседател на СРМ да биде нзбран почитуваниот другар Киро Глигоров.

При нашата определба за целосна поддршка ка кандидатурата на другарот Киро Глигоров поаѓавме од оценката дека се работи за личност која како државник, политичар, економист и пред се Македонец во еден подолг македонски период се потврдил со високи вредности. Ја почитуваме неговата партиска определеност, меѓутоа цениме дека другарот Киро Глигоров со вакви високи квалитети би можел да биде кандидат односно можеше да биде кандидат на многу партии кои денес се во Парламентот и на оние кои не се во Парламентот. Според тоа, цениме дека во личноста на Киро Глигоров се избира човек кој во овие сложени

економски политички и меѓунационални односи во Републиката може успешно да ја врши таквата одговорна функција, претседател на Социјалистичка Република Македонија.

Во името на пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија во Собранието на СР Македонија, ги повикувам сите партии кои имаа свои пратеници да го дадеме гласот за личноста на Киро Глигоров и да покажеме дека, кога е во прашање интересот на Републиката, не може да има партиска поделеност.
(Аплауз).

ФАИК АБДИ:

Почитувани дами и господа, почитуван претседателе,

Овие два дена вршиме широки консултации со сите наши ограноци во цела Македонија, со сите луѓе кои мислат добро на оваа наша Република.

Предлогот за претседател на оваа наша држава, Македонија е многу издржан. Господинот Киро Глигоров е светски познат човек, економиста и молам да не ги гледаме нашите теснопартиски интереси. Јас верувам дека господинот Киро Глигоров не може да се најде замена и како стручно лице и како видик воопшто. Заради тоа да се надминеме себе си денеска. Денес треба да покажеме колку можеме да се надминеме. Ги молам сите пратеници да го прифатат овој предлог, без разлика дали имал лична карта или нема лична карта. Тоа се ситни работи што овде ги поставуваат.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

СТОЈКОВ СТОИЛЕ:

Имам една забелешка на секретарот за внатрешни работи.

Претходниот наш делегат што постави прашање беше за жителство на господинот Киро Глигоров, а не за државјанство.

Колку што видов секретарот одговори на прашањето за државјанство. Такви работи до сега полно пати ни правите, преформулирате разни наши предлози.

Исто така имам едно лично прашање до господинот Киро Глигоров.

Како тој ја гледа сувереноста на Македонија. Кој е носител на сувереноста на Македонија.

Синојка гледајќи ја емисијата на телевизија, за ова исто прашање бараа одговор двајца гледачи. Едниот беше од македонска националност, а другиот мислам од албанска. На прашањето добивме два различни одговори. Затоа го молам господинот Киро Глигоров да одговори кој е носител на сувереноста на македонската држава.

(Негодување).

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овластен сум во името на парламентарната група од Сојузот на реформските сили на Македонија и од Младата прогресивна странка на Македонија да го искажам ставот односно прифаќањето и согласноста со одлуката на Републичкиот одбор на сојузот на реформските сили на Македонија за поддршка на кандидатурата на Киро Глигоров за претседател на Републиката. Со тоа сметам дека и како партија, а и како парламентарна група, придонесуваме за надминување на тесно-партиските интереси и се приклонуваме кон општо прифатливата волја изразена низ јавните гласила и другите средства во Македонија, работните луѓе и граѓаните на Македонија во една личност да бидат втемелени повеќе определби и желби за излез од оваа состојба во која Македонија катадневно повеќе губи на угледот, отколку што добива. Во таа смисла е поддршката на другарот Киро Глигоров, како личност кој со својот живот, со својата работа, со своето ангажирање е доследен на оваа функција на која се кандидира. Во тоа име ние ја поддржуваме оваа кандидатура на група пратеници. (Аплауз).

................................

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ценејќи го господинот Киро Глигоров, исто така јас му давам поддршка за неговата претседателска функција, но сепак пред да почнеме со гласање, би го прашал нешто, дали не ќе беше подобро тој како искусен наш ценет човек кој ја познава проблематиката во економијата на Југославија, потесно на Македонија, да се согласеше и да го земеше местото на Извршниот совет, односно претседател на владата.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа. Бидејќи демократијата не е еднострана за неа треба да има двајца. Ако е двајца тогаш ВМРО поставуваше прашање и бараме да се одговори. Тогаш јас незнам зошто да не се одговори на тие прашања, ако се убаво поставени. Прво би сакал да го прашам господинот Глигоров дали би можел да не води во правна држава со оглед на тоа дека бил активен учесник во донесувањето на Уставот од 1974 година кој суспендира секаква правна држава.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие треба да ме разберете, јас ја водам седницата во согласност со законските одредби и Деловникот затоа што кога велам дали некој бара збор, ако некој сака на некое прашање да одговори, треба да одговори, а во постапката не е предвидено овде да се поставуваат прашања и одговори.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ, независен кандидат:

Господин претседателе, драги колеги, јас како независен кандидат исто така давам поддршка на предлогот на групата од партија-та за демократска преобразба и многу ми е жал што во оваа ситуација не може да се изгради единство околу сите луѓе што и припаѓаат на македонската опција, во фаза кога сакаме на висок пиедестал да го дигнеме прашањето за суверена и независна Македонија. Мислам дека не би требале да ја пропуштиме историската можност да се прекине синдромот на самоуништување македонско присутно во минатото, а мислам дека има сеуште простор и македонската национална партија

да учествува во градењњето на сите компоненти за суверена, самостојна и независна Македонија.

ТИХОМИР ЈОВАНОВСКИ, потпретседател на социјалдемократската партија:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и гости, во неможност на д-р Славко Милосавлевски да присуствува денеска, бев замолен да присуствувам јас. Нашата партија, социјалдемократската имаше на своја седница на Извршниот одбор посебна точка во врска со кандидатурата за претседател на Кандидатурата. Од таа седница дадовме соопштение, соопштението е доста позитивно, но овде би сакал како човек кој долги години се занимава со економија, како човек кој долги години соработува со Киро Глигоров, и како човек што сметам дека во овој момент на економска и политичка состојба, потцртувам на економска состојба во Македонија, сметаме и во нашата партија дека е еден од најповолните луѓе кој што најмногу би помогнал во оваа ситуација, а тоа другарот Киро Глигоров. Во тоа име и во името на мојата партија, во смисла на една конструктивна вонпарламентарна соработка, ве молам да го имате предвид и овој наш став.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Моментот во кој што се наоѓа Македонија, барем така сите се декларираме е драматичен да се потсетиме и во самата изборна кампања, сето тоа го повторуваме дека Македонија се наоѓа во сложена политичка ситуација, во сложена економска ситуација и ни се чини дека се е толку драматично што не можеше да се случува ова што се случува во македонскиот парламент.

Јас сакам тука да апелирам на претседниците во македонскиот парламент, на историската обврска на денешниот ден кога за последен пат сакам да кажам можност се дава да ги спасиме овие избори и да конституираме суверени органи на власта и на Македонија. Акцент сакам да дадам во своето излагање, особено на тоа што сум член на ВМРО-ДПМНЕ на посебната историска обврска на парламентарната група на ВМРО. За мене ќе биде чин на национално предавство до колку претставниците на парламентарната група на ВМРО не останат во процедурата на гласање, не сугерирам за тоа што треба да се гласа, бидејќи сметам дека не е демократски однапред да се прејудицира работи и да се врши било каков притисок, но сакам да го кажам моето лично убедување, меѓутоа, сметам дека никој нема право во ВМРО-ДПМНЕ со оглед на тоа дека не е консултирано поширокото членство да не донесе одлука да се прекршат правилата елементарни на парламентарно дејствување и тоа претставува историска обврска и да не ја погрешиме работата. Драги соборци мои во ВМРО-ДПМНЕ да останеме денес во салата и културно на едно политичко ниво да ја извршиме својата обврска спрема македонскиот народ бидејќи тоа го тврдевме цело време. Кон никого до сега не е посебно национално единство заради тоа што само така можеме да дадеме одговор на лотребите на Македонија во овој момент. Инаку лично сметам дека кандидатурата на господин Глигоров, а со оглед на тоа ни е познат и можниот кандидат за потпретседател е најдобрата можност најмногу во овој момент Македонија да помогне во своите кадри.

Ја пропуштиме ли оваа прилика, секоја повторна процедура само ќе го девалвира нивото и изборот ќе ни биде помал и на крајот ќе се случи она што и нормално ќе треба да се случи кога ќе немаме квалитет во игра на финализирање на овие избори.

Затоа уште еднаш апелирам, пред се, на ВМРО-ДПМНЕ до крај достоинствено да се однесуваме во денешниот историски ден за Македонија. (Бурен аплауз).

ГАНЕ ТОДОРОВСКИ, претседател на МААК:

Почитуван господине претседател, почитувани пратеници на Република Македонија. Немав намера да учествувам, бидејќи сум тука гост, но со оглед што ми даде повод колегата Ивановски од името на социјалдемократската партија, сметам дека не е на одмет да се искаже едно мислење. Сметајќи дека исклучива компетенција на ансамблот на еднодомниот македонски парламент е изборот на претседателот на Републиката, ние како една од постојните политички партии што не се застапени во парламентот немавме на свој дневен ред вакво прашање. Меѓутоа, сметам дека е мигот да се искористи приликата и да се каже дека денеска македонскиот парламент го полага својот зрелосен испит. Мислам со поддршка на господин Киро Глигоров Македонија набрзу ќе влезе во една фаза на своето самонаоѓање. Поретка прилика да имаме на чело на една престроена Македонија ваква фигура нема да се повтори и апелирам до совеста на сите членови на македонскиот парламент да го дадат својот глас за господинот Киро Глигоров.

(Бурен аплауз).

МИХАИЛ ПАНОВСКИ, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ:

Почитувани дами и господа, најпрвин сакам да им кажам на пратениците, оние што не се членови на парламентарната група на ВМРО да не ни даваат никакви сугестии, бидејќи сметам дека штом сме избрани од народот, дека сме доволно свесни, како второ, ќе ви кажам едно лично мое мислење, имам едно големо почитување

према господин Киро Глигоров како економски стручњак, како македонец и тн. Сепак мислам дека ова што сега се случува овие денови во јавноста во Македонија дека во најмала рака не е фер према нас пратениците од ВМРО, бидејќи партија која освои најмногу места во овој параламент на изборите да не биде консултирана за избор на претседател тоа мислам во најмала рака не е фер од раководството на СКМ ПДП кој го предложи Киро Глигоров. Ние 37 пратеници на ВМРО сме во многу тешка ситуација, од едпа страна, одговорноста што ја имаме према македонскиот народ, од друга страна притисокот што го имаме од нашето членство, од нашите симпатизери. Сите сме свесни што се случува овие два три дена, разните анкети вчера што ги гледавме на телевизија, во весниците и тн. Уште еднаш ќе повторам навистина не беше фер што не бевме консултирани. Ние сега се наоѓаме меѓу чеканот и меѓу наковалната. Ако гласаме за, ќе одиме против нашите симпатизери, против нашето членство, кое е најбројно, а од друга страна ќе ни префрлаат ако не гласаме дека сме против Македонија. Имав намера да поставам едно прашање до господинот Киро Глигоров бидејќи господинот Киро Глигоров е 45 години на врвот на југословенската власт. Ме интересираше да ни каже како македонец, верувам дека е чесен македонец, кои беа причините што Југославија 45 години упорно не го поставуваше прашањето на правата на македонците во окупираниот дел на Македонија од страна на Република Грција и од Република Бугарија. Тоа е многу битно прашање како за нашиот однос што ќе треба да го изградиме спрема личноста и делото на господин Јосип Броз, така и према ставот што Југославија го има 45 години во однос на нас како Македонија и преку тоа прашање не можеме да преминеме денеска.

БОРИС СТОЈЧЕВСКИ, претседател на Работничко-земјоделската партија на Македонија:

Дами и господа, господине претседателе, другарки и другари. Дозволете од името на работничката партија да го поздравам овој прв во историјата еднодомен парламент на македонскиот народ и сметам дека ќе биде национално валиден да одлучува за суштинските потреби на македонскиот народ и за неговиот просперитет. Меѓутоа, зрелоста на една политичка структура која што е запазена во Параламентот многу зависи од самата неа. Може да се биде во парламентарната опозиција меѓутоа, треба да се биде конструктивна опозиција, опозиција со предлози, опозиција со адекватни решенија, а не опозиција заради опозиција. Затоа сметам дека состојбата во која што е дведен Парламентот во пат позиција, не е.за наша добродет. Реитингот политички на целата опозиција парламентарна и вонпарламентарна може да дојде во прашање. Затоа треба и тие интереси да ги имаме на ум.

БОРИС СТОЈЧЕВСКИ: (Продолжение)

Затоа, сметам дека господин Киро Глигоров, со својата работа како економист и човек што учествувал во досегашните проекти, а јас морам да кажам дека учествувал во досегашните проекти не бил секогаш одговорен дали тие успеале или не успеале. Ззвиселе од вишите фактори, зависеле од фактори кои влијаеле на самата личност и на неговата дејност во структурите во кои што бил тој застапен.

Поставувам едно прашање, ако се имало по валидна личност која ќе се соочи со потребите на македонскиот народ, а особено со социјално економскиот развиток, бидејќи социјалните тензии сега се до врв, затоа нека се понудува таа личност. Меѓутоа, ако се немало да се понуди, што со опструкција? Дали е тоа деструкција?

Ве молам, не алудирајќи да омаловажам или да нападнам ниедна парламентарна група, меѓутоа, секој мора да биде политички одговорен, овој збор и ова наше следење овде народот го плаќа и го гледа, а ние немаме право да играме со суверeноста, што е многу битно, а ниту со неговиот економско-социјален просперитет. Тензиите се големи, има штрајкови, безработица, а селото е опустошено. Опустошено е пак поради погрешната политика на поранешаните структури. Незнам колку соодветните луѓе имале влијание во поранешната креација на една таква политика. Меѓутоа, пак велам, тогаш времињата во кои што биле, мислењата на луѓето, нивните идеали биле такви. Се измениле работите, настапил плурализам, политички и економски, и ајде сега во рамките на тоа нека биде конкуренција на идеи, конкуренција за просперитет, конструктивни предлози со адекватни решенија, а не вака само јас сум против овој, јас сум против оној. Но и едната

и другата страна. Јас исто така би сакал да слушнам од господинот Глигоров, ако е тоа можно, без да алудирам по секоја цена, барем во скратена верзија, една мала програма како тоа го замислува, особено во однос на економско социјалниот дел

Благодарам на вниманието.

СТОЈАН АНДОВ:

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Претседателот на Републиката го избира Собранието на Социјалистичка Република Македонија со двотретинско мнозинство на гласови на сите пратеници во Собранието со тајно гласање.

За спроведување на гласањето за избор на претседател на Републиката, Собранието, по Предлог на претседателот на Собранието образува комисија за гласање од 5 членови од редот на пратениците.

Комисијата се грижи за обезбедување на тајноста на гласањето.

Комисијата веднаш по извршеното гласање му поднесува извештај на Собранието за резултатите од гласањето.

За членови на Комисијата ги предлагам пратениците:

1. Михаило Пановски,
2. Бранко Црвенковски,
3. Љубосав Иванов,
4. Наиф Мустафа,
5. Наум Симјановски

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Еден пратеник се воздржува од гласање).

Констатирам дека со еден воздржан глас Предлогот за состав на Комисијата за гласање е усвоен.

Констатирам дека за членови на Комисијата се избрани пратениците: Михаило Пановски, Бранко Црвенковски, Љубосав Иванов, Наиф Мустафа и Наум Симјановски.

Гласањето ќе го извршиме на следниот начин:

На сите присутни пратеници ќе им биде дадено по едно гласачко ливче.

Пред името на кандидатот стои еден број и гласањето се врши со заокружување на редниот број.

Секој пратеник може да гласа само за кандидатот чие име е наведено во гласачкото ливче. Секое внесување на нови имиња го чини ливчето неважечко. За неважечко се смета и гласачкото ливче кое не е пополнето, како и гласачкото ливче што е пополнето така што да не може со сигурност да се утврди дали пратеникот гласал за кандидатот.

Гласањето се врши со прозивка.

Прозивката ја врши секретарот на Собранието.

Пратениците што ќе бидат прозвани доаѓаат до рабоната маса во салата, каде ќе им биде дадено гласачко ливче.

Заради обезбедување на тајноста пратениците за гласакње ќе ги користат местата во салата определени за вршење на гласањето.

Откако ќе го извршат гласањето, пратениците свитканите гласачки ливчиња ги спуштаат во гласачките кутии.

Потоа, седницата се прекинува за да се утврдат резултатите од гласањето.

Седницата ќе продолжи на знак на звоното.

Го молам секретарот на Собранието да почне со прозивка на пратениците.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

По однос на начинот на гласањето сакам да кажам нешто.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам не отворив претрес по ова.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ве молам, има превид во тоа правило.

СТОЈАН АНДОВ:

Во што е работата?

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (Од место)

Ако е еден кандидат, не може да се заокружи еден од било кои, туку ќе стои "да" и "не". Тоа е начин на гласање, а не да се заокружува лице кое го нема.

СТОЈАН АНДОВ:

Начинот на гласање кој јас го презентирам овде пред вас ме уверија правниците дека произлегува од Законот

за избор и разрешување на претседателот.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Само ако се повеќе од еден.

СТОЈАН АНДОВ:

Не е речено така. Тоа ми беше објаснето.

Ги молам членовите на Комисијата за гласање да ги запечатат гласачките кутии.

(Членовите на Комисијата за гласање приоѓаат кон гласачките кутии и го вршат нивното запечатување).

Ве молам, кутиите да не се поместуваат без да бидат следени од членовите на Комисијата за гласање. На едното место каде што ќе гласа ќе бидат тројца членови на Комисијата, а на другото место двајца.

Ги молам, другите лица да се одалечат од гласачките кутии и таму да бидат само членовите на Комисијата.

По завршувањето на гласањето членовите на Комисијата за гласање да се повлечат во салата наспроти свечената сала заради утврдување на резултатите од гласањето.

Го молам секретарот на Собранието да почне со прозивка на пратениците.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ:

(Ги чита имињата на пратениците по азбучен ред, кои приоѓаат да земат гласачко ливче за да гласаат на определеното место за гласање).

СТОЈАН АНДОВ:

Ве известувам дека после гласањето на последниот пратеник по азбучен ред, ќе има пауза за утврдување на резултатите од гласањето.

Исто така, на молба од повеќе новинари замолен сум паузата да трае до 13,00 часот, бидејќи ова е многу важно известување, а има и други настани. Затоа, резултатите да ги огласиме во 13,00 часот. (Прекин на работата настана во 11,25 часот).

| Евид. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ПО АЗБУЧЕН РЕД | Припадност на партија |
|---|---|---|
| 1. | ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | ПДП |
| 2. | ХАМИД АЛИУ | ПДП |
| 3. | ЕШРЕФ АЛИУ | ПДП |
| 4. | АБДУРАХМАН АЛИТИ | ПДП |
| 5. | СТОЈАН АНДОВ | СРСМ |
| 6. | ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 7. | МИТКО АНАСТАСОВСКИ | ВМРО ДПМНЕ |
| 8. | ТИМЕ АНДОНОВ | СРСМ |
| 9. | НИКОЛА АПОСТОЛСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 10. | ДУШКО АРСОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 11. | ДРАГИ АРСОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 12. | БРАНКО АРСОВСКИ | СПМ |
| 13. | ЛАМБЕ АРНАУДОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 14. | БРАНКО БЛАЖЕСКИ | СКМ-ПДП |
| 15. | ЈОРДАН БОШКОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 16. |ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 17. | ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ | СКМ-ПДП |
| 18. | АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 19. | ПЕТАР ГОШЕВ | СКМ-ПДП |
| 20. | ТУШЕ ГОШЕВ | СКМ-ПДП |
| 21. | ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 22. | ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 23. | САНДРЕ ДАВЧЕВ | СРСМ |
| 24. | ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | СРСМ |
| 25. | ТОДОР ДИМОВ | СРСМ |
| 26. | ДОСТА ДИМОВСКА | ВМРО-ДПМНЕ |
| 27. | РАТКА ДИМИТРОВА | ВМРО-ДПМНЕ |
| 28. | ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | СРСМ |
| 29. | БОРКО ЃОРЧЕСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 30. | ДУШКО ЃОРЃЕСКИ | СКМ -ПДП |
| 31. | ЗУДИ ЕМИНИ | ПДП |
| 32. | ЈОРДАН ЗАФИРОВ | СКМ-ПДП |
| 33. | ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 34. | НАСЕР ЗИБЕРИ | ПДП |

| | | |
|---|---|---|
| 35. | ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | СКМ-ПДП |
| 36. | ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | СКМ-ПДП |
| 37. | БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 38. | СИМЕОН ИВАНОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 39. | ЉУБОСАВ ИВАНОВ | СПМ |
| 40. | ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | СРСМ |
| 41. | ИВАН ИВАНОВ МДПСМ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 42. | ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 43. | ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 44. | РИСТО ЈОВАНОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 45. | ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | СРСМ |
| 46. | РИСТО КЕЛЕШОВ | Странка на Југословени |
| 47. | ТАШКО КИРОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 48. | ЗОРАН КИТЕВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 49. | КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 50. | ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 51. | СТОЈАН КОВАЧЕВ | СКМ-ПДП |
| 52. | ЗОРАН КРСТЕВСКИ | МДПСМ |
| 53. | НИКОЛА КРСТЕСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 54. | БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | ВМРО-ДПМНЕ |
| 55. | ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 56. | КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 57. | ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 58. | ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | СРСМ |
| 59. | ЕФТИМ МАНЕВ | Независен кандидат |
| 60. | СТРАШО МИЛКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 61. | ПАНЧО МИНОВ | СРСМ |
| 62. | МАРИН МИЛЕНКОСКИ | СКМ-ПДП |
| 63. | ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | СКМ-ПДП |
| 64. | ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 65. | ВАНЧО МЛАДЕНОВ | СКМ-ПДП |
| 66. | ЏЕЛАДИН МУРАТИ | ПДП |
| 67. | АВДИ МУРТЕЗАНИ | НДП |
| 68. | НАИФ МУСТАФА | ПДП |
| 69. | СИМОН НАУМОСКИ | СРСМ |
| 70. | ПАНЧЕ НАСЕВ | СРСМ |
| 71. | СЛАВЕ НАУМОВ | МДПСМ |
| 72. | БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |

| | |
|---|---|
| 73. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 74. ЈОВАН НИКОЛОВ | СКМ-ПДП |
| 75. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | СРСМ |
| 76. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 78. ТИТО ПЕТКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 79. ТОДОР ПЕТРОВ | Независен кандидат |
| 80. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | ПДП |
| 81. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | СРСМ |
| 82. КИРО ПОПОВСКИ | СПМ |
| 83. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 84. ШАБАН ПРЕВАЛА | ПДП |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | ПДП |
| 86. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | СПМ |
| 87. НЕИМ СЕЛМАНИ | ПДП |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | НДП |
| 89. АСЛАН СЕЛМАНИ | ПДП |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | МДПСМ |
| 91. АЦО СПИРОСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 92. РИСТО СТАНКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 93. НАКЕ СТОЈАНОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | СКМ-ПДП |
| 95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 96. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 97. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 98. РИСТО СТАМЕНОВ | Странка на југословени |
| 99. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | ПДП |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | ПДП |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 103. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | Независен кандидат |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | ПДП |
| 109. ФАИК АБДИ | ПЦЕР |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| 111. | БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | СКМ-ПД |
| 112. | СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | ПДП |
| 113. | МУХАМЕД ХАЛИЛИ | ПДП |
| 114. | СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 115. | БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | СКМ-ПДП |
| 116. | НЕЏАДИН ЏАФЕРИ | ПДП |
| 117. | АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | СКМ-ПДП |
| 118. | ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | ПДП |
| 119. | БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | ВМРО-ДПМНЕ |
| 120. | ХИСНИ ШАКИРИ | ПДП |

(По пауза)

СТОЈАН АНДОВ

Да продолжиме со работа. Го молам известителот на Комисијата за гласање да поднесе извештај за резултатите од гласањето.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ

Другар претседател, драги пратеници, Комисијата работеше во полн состав и констатира дека гласањето е извршено правилно, немаше никакви забелешки на гласањето.

Гласале 120 пратеници. Од тоа гласале 60 - за кандидатот другарот Киро Глигоров и 60 пратеници, 60 гласачки ливчиња има неважечки. Од тоа 37 има пречкртано, 23 се со незаокружен кандидат и затоа се прогласени за неважечки.

Според тоа, Комисијата констатира бидејќи од 120 пратеници, позитивно гласале под 80, дека нема потребен број на гласови и другарот Киро Глигоров не е избран.

Понатаму, господ нека ни помогне.

СТОЈАН АНДОВ

Врз основа на резултатите од гласањето објавувам дека кандидатот Киро Глигоров не е избран за претседател на Социјалистичка Република Македонија, бидејки не добил мнозинство на гласови на сите пратеници во Собранието и согласно Законот се повторува целата изборна постапка.

Бидејќи не извршвивме избор на претседател на Социјалистичка Република Македонија тој според Законот предлага потпретседател на претседателот на Социјалистичка Република Македонија не можеме да поминеме на втората точка од дневниот ред. Ја

заклучувам оваа седница и ве известувам дека седницата, првата работна седница ќе ја закажеме за 25 јануари, а не на 21 како што бевте информирани, заради тоа што како што знаете состанокот на претседателството во Белград, е презакажан за 28 јануари, дотогаш требаше време да се подготвиме за сопствените потреби овде

Седницата е завршена. Благодарам

(Седницата заврши во 13,05 часот)